**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за**

**Надзор над изградба на градинки во општините Пробиштип, Липково, Битола и Липково.**

**(реф.бр. MK/SSIP # 2.1.8)**

**Име на проект: Проект за подобрување на социјалните услуги (УСУ Проект)**
**Кредит Бр: 8902 –МК**

**Консултантски услуги - Консултантска компанија**

Оваа покана за изразување на интерес е во согласност со општата објава за набавки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ), публикувана во „UN Development Businesas" во електронска верзија на 18.09.2018 година.

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Меѓународната банка за обнова и развој за потребите за реализација на Проектот за подобрување на социјаните услуги. Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот бр. MK/SSIP #2.1.8 што ќе се склучи со компанија за Надзор над изградба на градинки во општините Пробиштип, Липково, Битола и Липково.

Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството: www.mtsp.gov.mk (http://www.mtsp.gov.mk/proekt-za-unapreduvanje-na-socijalnite-uslugi.nspx.)

Компанијата треба да ги поседува следниве квалификации (критериуми за селекција на компании на кратка листа) :

- Лиценца Б за надзор над изградба во согласност со Законот за градба на Република Северна Македонија. Во случај на заедничко вложување овој критериум треба да биде исполнет од страна на сите партнери на заедничкото вложување,
- ИСО 9001 Сертификат. Во случај на заедничко вложување овој критериум мора да биде исполнет од страна на водечкиот партнер на заедничкото вложување.
- ИСО 14001 Сертификат. Во случај на заедничко вложување овој критериум мора да биде исполнет од страна на водечкиот партнер на заедничкото вложување.

- Во последните 5 години, да има реализирано најмалку 3 три договори слични на предметот на набавката (назив на договорот, опис, времетраење, вредност на договорот, референци, потврда за успешно реализиран договор). Во случај на заедничко вложување (JV) квалификациите на партнерите во заедничкото вложување (JV) ќе се кумулираат и овој критериум ќе се смета за исполнет сите партнери заедно го исполнат барањето и доколку водечкиот пратнер на заедничкото вложување (JV) има реализирано успешно најмалку еден (1) договор.
- Консултантите мора да достават писмен доказ дека најмалку три години пред денот на објавување на барањето за изразување на интерес се занимаваат со тековниот облик на бизнис. Во случај на заедничко вложување овој квалификациски критериум мора да биде исполнет од страна на сите партнери на Заедничкото вложување.
- Консултантот/компанијата мора да поседува сертифицирана лабараторија, или мора да има склучено договор за соработка со сертифицирана лабараторија за тестирање на материјалите кои треба да се користат при градбата во текот на времетраење на договорот за да потврдат дека истите ги задоволуваат бараните карактеристики. Во случај на заедничко вложување овој критериум мора да биде исполнет од страна на водечкиот партнер на заедничкото вложување.

Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани компании (консултанти) да изразат интерес за овој ангажман. Заинтересираните компании треба да достават информации со кои ќе прикажат дека имаат потребни квалификации и искуство за вршење на бараните услуги (портфолио на фирмата, брошури, описи на слични проекти, и др). Кратки биографии од предложен тим на експерти од страна на компаниите нема да бидат предмет на евалуација во оваа фаза за избор на компании на кратката листа.

Консултантските компании можат здружено да аплицираат со цел да ги зголемат своите квалификации. "Здружувањето" може да биде во форма на заедничко вложување (Joint Venture) или во форма на под-договарач. Во случај на заедничко вложување, при воспоставувањето на кратката листа на квалификувани консултанти, квалификациите на сите партнери ќе бидат евалуирани здружено и сите партнери од вложувањето заеднички и индивидуално ќе одговараат за извршувањето на договорот, кој ќе биде потпишан од сите партнери на заедничкото вложување. Квалификациите на под-договарачот не се земаат во предвид. Во апликацијата заинтересираните консултанти јасно треба да го наведат видот на нивното здружување и обврските на партнерите и под-договарачите. Нејасните апликации - изрази на интерес во вид на "во соработка со" и/или "поврзан со" и др. можат да не бидат земени во предвид при воспоставувањето на кратката листа. Водејќи се од принципот еден израз на интерес по компанија, консултантските компании можат да изберат дали ќе аплицираат како како под-договарач, како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Ве молиме да имате во предвид дека во иста набавна постапка една компанија може да достави само еден израз на интерес било како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Една компанија не може да

биде под-договарач и да настапува индивидуално или како партнер во заедничко вложување во иста набавна постапка. Доколку компанијата настапува како под-договарач на индивидуален консултант или на заедничко вложување, истата може да биде под-договарач на повеќе од еден апликант.

Методот за избор е Избор базиран на квалификациите на консултантот" согласно "Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година", достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со Проект за подобрување на социјалните услуги, од 08.30 до 16.30 часот, на е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk.

Изразите на интерес можат да бидат доставени по електронска пошта на следнава адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk или по пошта на следнава адреса: Министерство за труд и социјална политика, Проектот за подобрување на социјаните услуги (ППСУ), Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Македонија
Со назнака: за Елизабета Куновска, Менаџер на Проектот за подобрување на социјалните услиги (реф.бр MK/SSIP # 2.1.8)

**Документите со кои се изразува интерес (на македонски или англиски јазик) мора да бидат доставени најдоцна до 27.11.2020 година, до 14 часот.**